ZAJEDNICA MAKEDONACA U REPUBLICI HRVATSKOJ
ЗАЕДНИЦА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА
ASSOCIATION OF MACEDONIANS IN REPUBLIC OF CROATIA
CROATIA, ZAGREB, Masarykova 16/1, tel/fax: + 385 1 48 72 655; OIB: 07739533563; MB: 3805760;
Žiro račun: 2340009 – 1100038804; Devizni račun: 703000 – 256122;
IBAN: HR60 2340 0091 1000 3880 4; SWIFT: PBZGHR2X;
web: www.zmurh.hr ; e-mail: zajednica.makedonaca1@zg.t-com.hr ; zmurh.hr@gmail.com

Урброј: ЗМ – 09 – 1/2014
Загреб, 23. 02. 2014.

# З А П И С Н И К

од **6. седница** на Управниот одбор на Заедницата која се одржа на ден **23.02.2014 година** со почеток во **12.30 часот** во просториите на Заедницата на Македонците во РХ, во Масарикова 16/1, Загреб.

**Присутни членови:** Орце Ламбевски – претседател на Заедницата, Благој Штерјов – Загреб, Мирјана Мајиќ – Задар и Милена Златеска – Пула.

**Отсутни членови:** Ангел Митревски – Сплит, Крсте Атанасовски – Осиек и Велимир Лозановски – Риека.

**Гости на седницата:** Елизабета Петровска – секретар на Заедницата, Славица Чомов – Риека (во замена на членот на УО од Риека, В. Лозановски, без право на глас), Виолета Штерјова – член на НО на Заедницата, Томе Апостолоски, претседател на Советот на македонското национално малцинство за Град Загреб и протојереј Кирко Велински, свештеник на Македонската Православна Црква во Република Хрватска.

Седницата ја водеше претседателот на УО на Заедницата, О. Ламбевски. По утврдувањето дека на седницата присуствува доволен број членови за донесување правно важечки одлуки (кворум), тој ги поздрави сите присутни, го прочита дневниот ред за истата и членовите на УО со јавно гласање **едногласно го усвоија**, па седницата продолжи со работата по следниов:

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Усвојување на записникот од 5. седница на УО;
2. Информатор за план и програма на активностите на друштвата за изминатиот период од претходната седница до денес и за период од 01.01.-31.03.2014.– друштвата се должни својот информатор да го поднесат најкасно три дена пред седницата по електронска пошта;
3. Усвојување на „Godišnji financijski izvještaj Zajednice za razdoblje od 01.01.-31.12.2013. godine (Obrazac FG-1)“ со обрасците IR-1/Opće izvješće o radu, IR-2/Informiranje, IR-3/Izdavaštvo, IR-4/Kulturni amaterizam, IR-5/Kulturne manifestacije, IR-6/Investicijska ulaganja и со трошковниците, патните налози, авторските хонорари и останатите прилози;
4. Усвојување на Записникот од Инвентурната комисија и донесување одлуки по предлозите на таа комисија;
5. Усвојување на Планот и програмата на работа со финансиска конструкција за 2014 година до Советот за национални малцинства на РХ од Заедницата и Друштвата;

6. Договор околу реализацијата на програмите во 2014 година и усвојување на донесените одлуки;
7. Донесување на одлука за датумот и местото на одржување на редовното Собрание на Заедницата, како и за припремните постапки и работните тела на истото;
8. Разно.

**Ад. 1.** Членовите на УО со јавно гласање **едногласно го усвоија** записникот од 5. седница на УО (прилог).

**Ад. 2.** Информаторот беше подготвен и проследен по електронска пошта од друштвата од Задар, Загреб, Риека, Сплит и Пула, и Заедницата (прилог). Друштвото од Осиек не го достави својот информатор. Престедателот Ламбевски ги информираше присутните за одржаното Извонредно изборно Собрание на МКД „Браќа Миладиновци“ од Осиек и за изборот на новото раководство, а Петровска рече дека во петокот е пристигнато и новото Решение за упис во Регистрот на здруженијата. Бранка Јањиќ е избрана за нов претседател на МКД „Браќа Миладиновци“ од Осиек, а Звонимир Папо за потпретседател. Во дискусијата што се поведе, уште еднаш се нагласи дека сите друштва своите Статути мораат да ги усогласат со Статутот на Заедницата.

**Ад. 3.** За годишниот финансиски извештај на Заедницата „Godišnji financijski izvještaj Zajednice za razdoblje od 01.01.-31.12.2013. godine (Obrazac FG-1)“ со обрасците IR-1/Opće izvješće o radu, IR-2/Informiranje, IR-3/Izdavaštvo, IR-4/Kulturni amaterizam, IR-5/Kulturne manifestacije, IR-6/Investicijska ulaganja и со трошковниците, патните налози, авторските хонорари и останатите прилози (прилог), Петровска рече дека е уредно и навремено изработен, како и „Izvješće o ostvarivanju programa i utrošku sredstava Zajednice za razdoblje od 01.01.-31.12.2013. godine“ кое е исто така, уредно изработено за потребите на Заедницата (прилог). Извештаите на Заедницата и друштвата навремено се предадени до Советот за национални малцинства на РХ. Годината е завршена солвентно, а средствата се трошени рационално и наменски, и со многу мали отстапувања поради спроведениот ребаланс во декември. Сите средства од жиро сметката за Советот на 31.12. беа потрошени, додека во благајната останаа 5,28 кн., а севкупно од средствата од Советот (и од жиро сметката на Заедницата) останаа непотрошени 49,10 кн. Долгот на Митревски од благајната на Заедницата во вкупен износ од 11.032,40 кн. кој требаше да го подмири до крајот на годината, не е подмирен, и не ги врати позајмените броеви на списанието „Македонски глас“, но бидејќи е отсутен, за тоа ќе се расправа на идната седница кога и тој ќе биде присутен. По дискусијата, членовите на УО со јавно гласање **едногласно ја донесоа следната одлука:**

- Се усвојува „Godišnji financijski izvještaj Zajednice za razdoblje od 01.01.-31.12.2013. godine (Obrazac FG-1)“ со обрасците IR-1/Opće izvješće o radu, IR-2/Informiranje, IR-3/Izdavaštvo, IR-4/Kulturni amaterizam, IR-5/Kulturne manifestacije, IR-6/Investicijska ulaganja и со трошковниците, патните налози, авторските хонорари и останатите прилози.

**Ад. 4.** Пописот (инвентурата) на имотната состојба на Заедницата беше спроведена на 22.12.2013 година од страна на Пописната комисија (Ивана Лазаревска, Цветко Поповски и Виолета Штерјова), а записникот подготвен и проследен до сите друштва (прилог). По дискусијата, членовите на УО со јавно гласање **едногласно ги донесоа следните одлуки:**

- По предлогот на Пописната комисија, се извршува отпис на дел од имотот на Заедницата кој не е веќе за употреба и е уништен (прилог бр. 4.);

- Се усвојува записникот од состанокот на Пописната комисија на Заедницата.

**Ад. 5.** По оваа точка се рече дека Планот и програмата на работа за 2014 година со финансиска конструкција е подготвен според податоците на пријавените програми за работа на Заедницата и друштвата до Советот за национални малцинства на РХ. Бидејќи од Советот и оваа година се очекува битно намалување на средствата во однос на минатата, кога ќе ја донесат Одлуката за финансирањето на програмите, тогаш од страна на Заедницата ќе се донесат и измените и дополнувањата, односно новиот План и програма на работа за 2014 година со финансиска конструкција, како и Финансискиот план. Но, пред да се донесе Одлуката од Советот, се очекува претседателот Ламбевски да закаже состанок со претседателот на Советот, Александар Толнауер, за договор околу распределбата на средствата. По дискусијата, членовите на УО со јавно гласање **едногласно ја донесоа следната одлука:**

- Се усвојува Планот и програмата на работа со финансиска конструкција за 2014 година, направен според податоците на пријавените програми за работа на Заедницата и друштвата до Советот за национални малцинства на РХ.

**Ад. 6.** За плановите по оваа точка се рече дека треба да се причека до потпишувањето на овогодишниот Договор со Советот за финансирање на програмите за да се знае со кои средства ќе се располага. Претседателот Ламбевски нагласи дека треба да се практицира заедничка реализација на програми меѓу друштвата, односно оние друштва што имаат повеќе средства за истите, да им помогнат на оние со помалку, а исто така треба да има и заедничка соработка со Советите и претставниците. Се расправаше и за реализацијата на манифестацијата „Илинден“.

**Ад. 7.** По дискусијата, членовите на УО со јавно гласање **едногласно ги донесоа следните одлуки:**

- Седницата на Редовното собрание на Заедницата да се одржи на 10.05.2014 година во Риека (а доколку не може во Риека, да се одржи во Загреб);
- Членовите на Надзорниот одбор да извршат контрола и подготват Записник за Собранието за финансиското работење на Заедницата за 2012 и 2013 година;
- Да се исплатат патните трошоци и по една дневница на делегатите на Собранието, со тоа да секој индивидуално си обезбеди храна и пијалак;
- Сите друштва навремено да достават до Заедницата список на свои 5 (пет) именувани делегати за Собранието.

**Ад. 8.** Под точката разно, Мирјана Мајиќ ги информира присутните за дописот од Елена Кипровска Кнежиќ упатен до Колегиумот на „Македонски глас“. Претседателот Ламбевски информираше и за дописот од Благоја Мирчевски во врска со текстот за „Интерлибер“. Извести и за состанокот што треба да се одржи во организација на Советот за национални малцинства на РХ со главните уредници на малцинските списанија. Петровска ги информираше присутните за остварената средба и сторените први чекори кон соработката со здружението „Просперикон.хр“ во врска со изработка на ЕУ проект за Заедницата. Бидејќи е тематиката сериозна и опсежна, на сите друштва ќе им се проследи допис со повеќе детали за плановите за реализација.

На крајот од седницата, дојдоа и очекуваните гости од Македонија, д-р Момчило Аврамоски и д-р Александар Спасеновски од Собранието на РМ, во придружба на амбасадорката на РМ во РХ, Даниела Караѓозоска. Во срдечната атмосфера на запознавање се разговараше за плановите и активностите на Заедницата во Хрватска, како

и случувањата и врските со матичната држава, меѓу кои беа споменати и претстојните претседателски избори во Македонија. По разговорот, сите присутни беа поканети на скромна закуска.

По ова, сите теми за дискусија беа исцрпени и претседателот Ламбевски ја затвори седницата.

Седницата заврши во **16.20** часот.

Записничар:

Дипл.инг. Елизабета Петровска,
секретар на Заедницата

Претседател на Заедницата:

Орце Ламбевски